Владислав Ванчура

РАЗУЗДАНО ЛЕТО

Изданието е финансирано од Министерството за култура на Република Чешка

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Vladislav Vančura, ROZMARNÉ LÉTO

Превод од чешки јазик
Маргарета Карајанова

Јазична редакција
Филип Димевски

Лектура
Маргарета Карајанова

Компјутерска обработка
БЕГЕМОТ

Ликовно уредување
Бојан Димитријевиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Владислав Ванчура

РАЗУЗДАНО ЛЕТО

Бегемот

Скопје, 2016

СТАРИТЕ ВРЕМИЊА

Мнозина храбри, кога ќе дојде почетокот на прекрасниот месец јуни, седнуваат под јаворова сенка и нивниот втренчен поглед омекнува. Види, разгранет и висок живин столб се крева и опаѓа, потсетувајќи на дишење во сон. Види, нишање на сонцобрани и овој, инаку ужасен лик. Кренатиот нос и напнатите усни, кои толку изразно му стрчат на лицето, нека се смират зашто, по ѓаволите, градот е спокоен.

Среде родното поле има мноштво бели дворој како во народните песни, биковите стануваат волови, јаловиците стелни, а мај е зад нас.

Доколку можете, облечете се во бело и седете пред својот хотел. По ѓаволите! Зар не се добар пример нашите предци, кои препашани и со палто преку рака, чекор по чекор, се приближувале до покриениот овоштарник за да седнат на поставена трпеза?

Тогаш летните продавачки со ниски отворени чевли, со сандали што не оставаат траги,

одат од човек до човек, од трпеза до трпеза и кинат ливче по ливче од блокчето во полниот џеб. Со зацрвенет нос му зборуваат на гостинот:

„Добар ден, господине. Утрово е прекрасно, нели? Токму одѕвонува десет часот од древната базилика Св. Вавжинец. Сметам дека времето е поблагодарно од сè и, навистина, десет е повеќе од девет. Многу го колнеа овој храм зашто градителот многу дрско ги сменил правилата на основата. Но го знаеме и го сакаме иако бил слободоумен“.

„Како тоа“, рече стариот господин, „црквата е згрешена спротивно на правилата за градење? Тоа го забележав дури денес!“

„Точно сте забележале“, рече дамата, „па сепак, ќе увидите ли дека мојава шапка се користи девет сезони како вејка на ветрот? Ах, мил мој, и базиликата и мојата шапка се инвентар тука и нивните трансформации се случуваат по редот на нештата. Зашто времето им дава достоинство и на грдотиите“.

Ајде, ајде! Зар не се повторува разговоров? Раздвижува ли нешто? Зар не е чиста вистина, но мириса на просечност?

БАЊСКИОТ ГРАД
МАЛА БАЊА

На чудесната река Орше лежи град со убаво минато и убава вода. Водата извира од карпести места од девет силни извори, кои се собираат во девет езера наречени според деветте

музи. Тоа е бањата Мала Бања. Отворено место, изградено половина од тули, половина од кал и камен, со нестабилни градби, но со цврсто здравје.

„Ха“, ќе речеше градоначалникот на Бања сечејќи го шпилот карти. „Ју-ху! Нашата паланка забрзано и благородно го дочекува јуни, шестиот месец, без задоцнување и во редовниот рок“.

Значи, во оваа целесообразна коњушница каде што нема време за губење (ах, каде што не се старее брзо и каде што има народ чии оруди за работа не се осветени) имаше неколку фарми и стари имоти. Во најголем дел добиени на игра што се викала ГОЛЕМА – МАЛА или МАЛАТА ЗЕМА СЀ. Ќарен и добро управуван имот зашто тукашните мештани се прекалени купци и не им пречи што Мала Бања е провинција, непријатно облачна, слабо осончена, со непорозна земја и со студени извори. Оставете го тоа! На пример, нема канализација, но сепак градот е ведар и чесен.

ВРЕМЕТО

Според Грегоријанскиот календар руменееше првата јунска недела и ѕвонеа големи ѕвона. Времето иташе со брз чекор како секогаш во празни мигови и на големи празници. Се ближеше осмиот час, часот за кој се велеше дека го јаде денот и ќе ве разоткрие по секоја цена.

СТАРОСТА И СОСТОЈБАТА НА САНАТОРИУМОТ НА АНТОНИН НЕПРОКОПСАН

Во тој миг низ песна и каприциозна игра почна ова дејство раскажано во бањскиот дом на Непрокопсан. Платформата на Антонин, на која беа изградени лесни градби, ја имаше уловено Орше таму каде што се бранува, продирајќи во песоклива земја, и сврзува многу точки. На тоа место брегот поблиску до градот е покриен со врби, кои завршуваат пред градините на кожари и произведувачи на наполитанки. Секое лето премногу обраснува, неуредено, наежавено. Никој не го корне, а на тие што одат накај реката не им останува ништо друго освен малобројните патеки, за жал, тесни. На почетокот од патот ќе ве изненади грубо обоен натпис како магарешко седло: Речна бања.

„Ах, секако“, одамна, во четиринаесеттиот век рекол каштеланот кому му било опсесија да зборува непосредно, „секако, да се капеме!“ Велејќи го тоа, го преминал крстопатот до капалиштето и го сторил тоа што веќе го рекол. Од тоа време, колку што допира сеќавањето, ова место се користи за својата намена.

АНТОНИН НЕПРОКОПСАН

Кога ја допеа својата песна, Антонин Велики ги скрсти рацете на грб и фати да дува во

топчето од термометарот. Столпчето не измери ништо, едвај се помрдна. Забележувајќи го тоа, на Непрокопсан му паднаа на ум неколку работи, кои се менуваа како да се редат карти.

„Вакво лето“, се изјасни на крајот одвојувајќи се од направата на Целзиус, „ми се чини по малку несреќно. Студи, а мојот здив е мраз, иако не сум се напил вода. Ако ни јуни не е доволно добар, кој месец ни останува за да ги негуваме здравјето и телесната чистота? Добро, дали е поднебјето пријатно, или не е, нема одлагање“.

Штом го рече, тоа господинот се фати за ременот, си ја слече облеката и, гледајќи надолу во водата во која се огледуваа неговите долги обраснати нозе, работ на базенот и небесниот свод, виде слика на превртениот сад, кој невешто го беше оставил на работ, и додаде: „Ах, и бањата и чашата се празни“.

СОВРЕМЕНИТЕ РАБОТИ И СВЕШТЕНИКОТ

Во тој миг свештеникот Рох, кој повеќе од кој и да е ја знаеше цената на моралот, зачекори на речниот насип што го обрабуваше другиот брег. Рецитирајќи песна или молитва соодветна за тој дел од денот, имаше доволно време да погледне на сите страни и не беше тешко да го забележи господинот Антонин Непрокопсан со исплазен јазик и влажни очи, замислен над својата чашка.

„Ej“, извика свештеникот, „ej, господине, доцна го почнувате својот сабат, зар ѕвоната не удираат доволно силно? Слезете од својата метла, јасно ви ја гледам меѓу нозе. Оставете ги гадотиите што ве убиваат. Земете мантил, или пешкир, што виси на оградата од вашиот одвратен одводен канал, инаку, пред сите ќе преминам на другиот брег од реката и ќе го испразнам вашето шише во Орше“.

„Оставете“, рече Антонин со млитаво телесно држење, „правете како сакате и како ви е драго. Побрзајте и видете ги сите детали од својата заблуда, обѕрете се по метлата во моите нозе и, ако сте доволно вешт да најдете нешто во шишето, нема да ви префрлам. Ајде, пријдете, шлапнете со сандалата во овој воден тек. Би сакал да изречам неколку вистини што треба да се слушнат во вистинско време“.

Свештеникот ја затвори книгата со показалецот меѓу затворените листови, седна на каменото ѕитче и тргна да одговори по малку отсечно, но без да го прекине благородниот говор.

„Какви нечисти гадинки сте“, рече, „ги слековте панталоните како што учтив човек симнува капа. Кој ве учел? Кој ви ги всадил тие манири?“

„Добро“, рече Антонин палејќи ја пурата, која без да се надева ја најде во џебот од мантилот, заборавен од еден гостин претходниот ден, „добро, можам да ви раскажам за моите учители, кои сè на сè беа доброќудни и учени луѓе. Но, не мешајте ги лошите навики. Ги слеков панталоните од добра причина. Бидејќи кожава моја, во досегашните школски простории, каде

што стекнав општо образование, се онеспособи да дише и ѝ треба воздух.

Ми всадија медицинска култура, ја прифатив и се придржувам на неа во корист на моето тело. Ми шетате по нервите со својата книга оди, со прстот што ги калеми баналните редови не можејќи да им ја фати смислата. Оставете ме, грди раскажувачи на извештачена литература и стихови полни воздишки, изнемоштено куци робови на правилата“.

Штом го рече тоа, господинот пливач фати да слегува по скалите и се фрли во водата.

„Тука сум“, продолжи да зборува трпејќи ја студенината на водата како храбар човек, „за да ви одговорам на сите дилеми, со кои ме напаѓате уште од пет години, иако си ги потопив рацете и предоцна е да ја извадам пурата и прерано да ја фрлам“.

„Што?“ рече свештеникот. „Сакате да ги повторите приказните за гавранот и сирењето? Во име на Бога, држ’те си ја пурата и не зборувајте!“

ВОИНОТ ХУГО

За време на излитено избрусениот говор, на бањата на Непрокопсан се појави човек на околу педесет години, чии листови откриваа дека е мечувалец, а рацете му беа во ракавици. Беше облечен како англиски ловец, а кралскиот лик без лузна носеше мрсен слој што џвакаше јатки на левата страна од вилицата.

„Добар ден“, рече од облакот застоен воздух.

„Добар ден“, одврати господинот Непрокопсан. „Правам вежби што ви се познати и кои доволно го налутија свештеникот. Помогнете ми да ја препливам браната“.

„Сигурно, ако мојата согласност не го разлути свештеникот, не сакам да ви пречам“, одговори тој што дојде и седна на столчето додека пливачот со пура в уста стрчеше над површината на водата.

Духовникот на другиот брег фати положба и, оставајќи ја книгата, го повтори поздравот.

„Добро утро, мајоре. Сè уште мислите дека учтивоста спрема опседнатиов без дух е во ред?“

„Да“, рече ловецот, „вежбите на мајсторот изгледаат природно и неговиот дух, иако е само пливач, е мошне остар за да ви одговорам поинаку. Можеше да ми забрани влез во бањата, но кога дојдов го забележав стуткан во водата како плива. Зошто да уништувам постојани работи?“

„Уф“, извика свештеникот, „отсекогаш сте биле восхитеник на времето иако е сигурно дека ги превидувате вечните нешта. Е па, добро. Ќе одговарате за таа грешка. Книгата што ја оставив доволно би ве потсетила што е траење. Стара е две илјади години. Мајоре, ме разбирате што сакам да речам?“

„Господине“, рече Непрокопсан излегувајќи од водата, „мајорот не ја читал вашата книга и нема да ја чита и да е уште постара. Зар е толку луд да верува дека старите магарења поубаво рикаат? Тој дојде да лови риби, а вие ги бркате“.

Во меѓувреме мајорот ја отвори кутијата што ја донесе од шупата на Непрокопсан, закачи мамка и ја фрли јадицата во водниот тек.

„Никако“, рече, „забележувам преголем интерес во овие говори и, макар што не се доволно благородни, ги одобрувам зашто преголемиот интерес е одраз на страст. Што е поголемо спроти вечно синото небо и вечно врелата страст?“

НАБЉУДУВАЊЕ НА КЛИМАТА

„Можеби свештеникот ќе ви одговори ако сакате да знаете“, рече господинот пливач облекувајќи си ја кошулата, „иако не верувам дека ќе ви успее да го зачувате тврдењето за синото небо. Зашто овој јуни сè на сè не го бива. Знам дека сакавте да ја воведете азурната боја и да ја доближите до бојата на крвта, но напорот е претеран иако е благороден. Погледнете поблиску, мајоре, не ви се чини дека времето е мизерно матно и чудо е што не врне. Гледам куп облаци и сини процепи, кои не ми се чинат тукашни“.

„Погледнете го небото од сите четири страни“, продолжи Антонин со лице скриено во кошулата, опишувајќи голема воздушна кружница со ракавот на дополу разголената рака. „Обзрете се и ќе видите само крената магла во хоризонтални слоеви. Еве, се крева од водата, ја носи пареата од земјата кон точката на роса. Оние формации и облачни видови, па оние интригантски

маглини! За жал, господа, ми личи предрско да се лутам. Сепак, директно би испцул“.

ДРУГИ РАЗГОВОРИ

„Од каде овие колебања“, извика свештеникот, „зар не ве слушав како лаете цел час?“

Антонин одговори дека свештеникот можеби се лаже зашто седи на другиот брег, а Орше во ова време е широка.

„Вашите уши“, изусти, „се задушени од бучавата на книгите, кои вреват и кога се затворени. Ако сум испуштил две-три воздишки, сте чуле нешто од црковните отци“.

Штом го рече тоа мајсторот си ги облече панталоните за пливање и, закопчувајќи се лесно, седна до мајорот. Ројалистот, чија стрпливост не беше неограничена, сецна со трската и, вадејќи ја јадицата, го собра рибарскиот алат. Потоа стана и смирено го одзатна шишето.

„Ако не средувате сè со викање“, изјави налевајќи три чашки, „можам одвреме-навреме да ви бидам корисен, но колку што можам да судам, ваша сатисфакција е да го имате последниот збор“.

ОСУДА НА ДВОБОЈОТ

На тоа Антонин Непрокопсан рече: „Да се има последниот збор е подобро одошто да се

има последната девица зашто нема да ме убедите дека ќе ми спласне лутината ако некој ме клоцне да ме заболи до коска. Во медицинските книги, кои ги препрочитувам, нема ништо освен болести и нивна смисла е грубата научна заблуда дека треба да се води двобој за ставовите. Секој со своето, мајоре. Во овој напреден век должност е да умрете со наполнети деведесет години, а не од гангрена, или покосен од сифилис“.

КОНФЛИКТ

Откако Антонин го рече тоа, се напи токму во мигот кога жена му Катушка се појави на платформата со тенџере од кое излегуваше пареа.

„Ах, ти никогаш не се криеш“, му рече на Антонин без насмевка.

„Расправавме за теоретски работи, кои го преокупираат свештеникот“, одговори мајсторот приоѓајќи ѝ на жената и кревајќи го капакот од тенџерето за да види да не има некое вкусно јадење. Потоа го врати капакот на место и, гледајќи де во тенџерето, де во госпоѓата, рече:

„Како можам, мајоре, во оваа состојба да ги оценам вашите кралеви, книгите на свештеникот и моето здравје?“

СПОМЕНОТ НА ГОСПОЃАТА

„Мојот сопруг често води празни муабети“, рече госпоѓа Непрокопсана, „ах! Го трпам

од седумнаесет години, млада се оженив, да знаете. Да, можев да одберам подобро момче од мајсторот, но Антонин ги истепа кандидатите за женење, што ми дојде како капак; толку долго ми досаѓаше што на крајот моравме да направиме свадба. Вистина е, Антонин беше многу заљубен и млад, рака давам дека на момците што ги истепа им преседна“.

КОНЦИЗНОСТ И ОПШИРНОСТ (НА КРИТИКИТЕ)

Свештеникот, кого настанот со тенџерето го потсети на парите опишани во *Observationes et coniecturae in numismata quaedam antiqua* замолче и замислено фрлаше камче по камче во водата на Орше.

„Колку жив разговор и каква разиграност“, рече Антонин поклонувајќи му се на мајорот, „не му доликува на свештено лице и црковниот закон не би го дозволил. Сум видел многу збркани што се однесувале како него, па се каеле. Зашто секој што не е учен на таков товар – лесен или тежок, без разлика – без тренинг е толку невешт што ќе си ги оштети сивата маса и мозочните клетки.

За некои историчари се раскажува дека го вежбале телото“, продолжи да зборува Антонин на повисок тон, „и сум чул дека меѓу обожавачите на книжевноста имало маратонци. Зар тоа е причината свештеникот да трча низ поле и да прескокнува боцкави грмушки?“

„Што сакате да кажете, мајсторе“, праша свештеникот, „ми се чини дека на патот да се изразите, сте станале интересно неразбирлив“.

РЕШИТЕЛНОСТ И ДЕЈСТВО

„Разбрав“, рече госпоѓа Непрокопсана, „дека се расправате за глупости и викате како да се работи за пари. Маж ми е празна воденица. Често му велам во летните месеци да зборува тивко и благородно зашто заповед на нашето занимање е: добредојде на гостинот, дури и да е гнаса што краде сапуни и во гардеробата кине пешкир за да мота нозе“.

Штом го рече тоа, госпоѓата се качи во чамецот и отплови накај другата страна на Орше кај свештеникот.

„Маж ми“, рече, „е непоправливо магаре, ајде господине, ќе ве превезам и ќе му го речете тоа в лице“.

ШИШЕТО И ИТАЛИЈАНСКАТА КАМПАЊА

Штом стапна на платформата, свештеникот се поздрави седнувајќи до мајорот.

„Вашата чаша“, рече Хуго, „е предолго недопрена. Зар нема да се напиете?“

„Да пролеам вино?“ одврати свештеникот. „Пролевањето вино и сквернавењето книги се тешки гревови, господине!“

„Кога се работи за вино, така е“, потврди Антонин, „го знам случајот на крчмарот што бил казнет со самица зашто извадил чеп од бочва вино“.

„Тоа ме потсетува на италијанската кампања. Знаете зошто е загубена првата битка на Пијава?“ праша мајорот Хуго, возбуден при спомнувањето на воениот ужас.

Кога заклучи дека ниту еден од двајцата пријатели не сака да слушне за настанот, фати да зборува за распоредот на војската и за винарските визби во Северна Италија.

„Да знаете“, рече свртен кон госпоѓа Непрокопсана, „да знаете сите дека војската немаше чаши и вино се пиеше од рака. Војникот мораше да го отвори бурето со бајонет за да тече виното надолу. Така беа поплавени некои визби и некои полкови потонаа. Начинот на отворање бочва со бајонет не е домаќински и притоа се разлева многу пијалак. Пијалак што е достоен за височества, што поттикнува скриена храброст“.

„Храброст!“ извика Антонин. „Блеава храброст на демагог што го напаѓа непријателот од зад грб! Ако сте храбар, ќе кренете и сто кила, мајоре“.

„Их, можам да ви цитирам неколку стихови што не се ни за масакри, ни за кревање товар, па сепак убиле народ“, извика попот.

Во тој миг околу шишето настана збрка и мажите се уфрлаа еден на друг во збор.

„Не повторувај ветер и магла од книгите!“

„Изјасни се!“

„Не си ништо поарен!“

„Плампаш како војник со преврзана вилица!“

НАПОМЕНА

„Сакам да ве предупредам“, рече Хуго, „дека сè што би можел да ценам кај луѓето со лош занает е малкуто мир. Се буните! Тишина! Ја земам пушкава и се исправам да ви одговорам“.

Штом го рече тоа, мајорот го зеде стапот за тренирање пливачи и го погоди празното шише.

„Живи Бога!“ извика Антонин, „што правите? Глејте, свештеникот ќе умре од страв“.

Во меѓувреме свештеникот ја листаше својата книга и, кога го најде местото што го бараше, рече: „Добро, добро. Мавнете ми ја од пред очи скриенава перверзија на тупаници и топорење. Достојна е за осуда. Потрудете се од петни жили, знам со што да ве средам“.

Му пријде на мајорот, кој упорно изведуваше дека се бори, и со повишен тон фати да му ја чита седмата книга од Хорациј, на што големиот Антонин, не знаејќи за друго изразно средство освен за тоа што извира и блика од здраво тело, фати некаков камен и го фрли во воздух.

УБЕДУВАЊЕ

Слушајќи како свештеникот небаре од ракав тресе прекрасни стихови, госпоѓата Катерина Непрокопсана прекрсти раце и изјави: „Тука сум и ве слушам, господине. Се вели дека латинскиот како јазик на Римјаните умрел, дека

е мртов. Каква глупост, попе, зборувавте многу живо и долго за да ве осудиме.

Сега одморете се и раскажете ми нешто за вашиот мајчин јазик зашто, морам да признаам, латинскиот го разбирам само делумно. Толку е комплициран! Ми се чини донекаде претеран изразот што потсеќа на мелење, макар што – не се сомневам, зборувавте за возвишени чувства“.

„Ах, секако! Убаво ни беше кога кратевме време со мајтапчиски муабети, песна и музицирање. Е, мој господине, ќе седевте слушајќи некој оргулар што имаше обичај да ме штипка. Сигурна сум дека неговата способност не е многу зад вашата, иако сте виделе многу земји и сте се школувале сè до својата зрела доба“.

Штом го рече тоа, госпоѓата ги тргна од клупата јадицата, рибарскиот конец и другиот прибор за риболов и, пречекорувајќи ја штицата за перење што падна на земја, ја завлече клупата накај другата страна на платформата.

„Е, па, господине“, продолжи Катерина Непрокопсана кога седна, „дојдете, дојдете по мене, седиштево не е толку неудобно како што ви се чини, а ќе поминеме и без латински“.

„Од нив двајца“, продолжи покажувајќи на господинот и на мајорот, „не се доаѓа до збор. Се обложувам дека си раскажуваат за огнено оружје и за некакви луди борби. Ах, видете го маж ми, ја испружил левицата и сигурно сака да го увери мајорот дека во неа лежи неизмерна сила. Ах, што да чинам кога неуморниов човек вика само за да го вежба градниот кош? Што да чинам кога ден за ден само гледам како потскокнува до таван“.